# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Свети Николе**<br><br>**Излегува по потреба** | **29.01.2021 година**<br>**ден месец година**<br>**Свети Николе**<br>**Број 1** | **ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА**<br>**Трезорска сметка 100000000063010**<br>**Буџетски корисник 7630140762- 630-10** |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Решение за разрешување и именување на членови од Управен Одбор во Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева„ Свети Николе бр. 0801- 1007 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 29. 01. 2021 година.

**Бр.0901- 1024**
**29. 01. 2021 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа „Службен весник на РМ бр. 05/02), како и член 114 став 10 во врска со став 13 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија„ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/05, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и 104/19), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на 29.01. 2021година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување на членови во Управниот одбор на Општинска јавна установа за деца - Детска градинка „Рахилка Гонева„ Свети Николе како претставници од Општина Свети Николе**

**член 1**

1.Од членови во Управниот Одбор на Општинска јавна установа за деца - Детска градинка „Рахилка Гонева„ Свети Николе како претставници од Општина Свети Николе се разрешуваат:

- Сања Накова
- Зоран Лазаров

**член 2**

2. За членови во Управниот Одбор на Општинска јавна установа за деца - Детска градинка „Рахилка Гонева„ Свети Николе како претставници од Општина Свети Николе именуваат:

- Јасмина Ѓошевска
- Кристијан Атанасов

3.Мандатот на членот во Управниот Одбор е во траење од 4 (четири) години.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Свети Николе„.

**Бр. 0801 - 1007**
**29.01. 2021 година**
**Свети Николе**

**Претседател,**
**на Совет на Општина Свети Николе**
**Кире Алексов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за долгорочно домашно задолжување на Општина Свети Николе во рамки на Вториот проект за подобрување на општинските услуги (MSIP2) бр. 0801- 1008 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 29. 01. 2021 година.

**Бр.0901- 1024/2**
**29. 01. 2021 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа на член 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11), член 4 од Законот за јавен долг („Службен весник на РМ" бр. 62/05, 88/08, 35/11 и 139/14) и член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) , Советот на Општина Свети Николе, на седницата одржана на 29.01.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за долгорочно домашно задолжување на Општина Свети Николе во рамки на Вториот проект за подобрување на општинските услуги (MSIP2)**

**Член 1**

Со оваа Одлука се уредува долгорочно домашно задолжување на Општина Свети Николе, кое ќе се оствари преку потпишување на Договор за под-заем со Министерството за финансии, во рамки на средствата обезбедени со Вториот проект за подобрување на општинските услуги финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка, во висина на 45.460.258,00 мкд, а со цел финансирање на капитален инвестиционен проект "Изградба на улица Рајко Жинзифов, крак од улица Јури Гагарин, и крак од улица Цар Самуил" со технички број 0308-64-508/1/2019 и "Изградба на улица Миле Поп Јорданов, крак од улица Војдан Чернодрински, крак од улица Киро Глигоров, крак од улица Сирма Војвода и крак од улица 11-ти Октомври" со технички број 0308-64-508/3/2019, изработена од ПРИМА ИНЖЕНЕРИНГ ДОО СКОПЈЕ.

**Член 2**

Задолжувањето ќе се реализира по пат на домашно долгорочно препозајмување преку Вториот проект за подобрување на општинските услуги, финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка, под следниве услови:

-Каматна стапка: шест месечен EURIBOR со варијабилен распон
-Рок на отплата: до 12 години
-Грејс период: 3 години
-Последниот датум на отплата на заемот нема да биде подоцна од 15.09.2033 година

**Член 3**

Со стапувањето на сила на ова Одлука, престанува да важи Одлуката за долгорочно домашно задолжување на Општина Свети Николе во рамки на Вториот проект за подобрување на општинските услуги (MSIP2) бр. 0801- 947 од 30.11.2020 година.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Свети Николе‘‘.

**Бр. 0801 - 1008**
**29.01. 2021 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Кире Алексов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за дополнување на Програмата за поставување урбана опрема на јавни површини во општина Свети Николе бр. 0801- 1009 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 29. 01. 2021 година.

**Бр.0901- 1024/3**
**29. 01. 2021 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр. 5/02) во врска со чл. 38 став 2 и 39 од од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ" број 15/15...275/19) и чл. 80-а од Законот за градење „(Сл.весник на РМ„ бр. 130/09...18/20), Советот на Општина Свети Николе на седница одржана на 29.01. 2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за дополнување на Програмата за поставување урбана опрема на јавни површини во општина Свети Николе**

**Член 1**

Во "Програмата за поставување урбана опрема на јавни површини во општина Свети Николе за 2020 година" донесена од Советот на Општина Свети Николе под број 0801-725 од 17.02.2020 година во насловот под III "Рекапитулација на урбана опрема според намената и површината" – поднаслов "1. Планирана диспозиција на урбана опрема" во табелата по точката 32 се додава нова точка 33 која гласи:

УО 33 Св.Николе КП бр. 5979; 6474; 6477 за КО Св.Николе – вон град и КП бр. 1584/2; КП бр. 282; КП бр.292; КП бр.298; КП бр.287; КП бр.286; КП бр.284; КП бр. 285; КП бр. 283; КП бр. 281; КП бр. 277; КП бр. 278/2; КП бр. 278/1; КП бр. 278/3; КП бр. 275; КП бр. 276; КП бр. 383/1 и КП бр. 385 за КО Кнежје – пешачка патека Св.Николе – Била Зора, број на модули 12,површина на модул 2,2м2, тип на модул – самостоечко рекламно пано.

По точката III се додава нова точка IV која гласи:

IV "Преодни и завршни одредби " со две потточки 1. и 2. Кои гласат:

1. Оваа Програма и сите нејзини измени и дополнувања се применува до донесување на нова програма за поставување урбана опрема.
2. Измени и дополнувања на Програмата се вршат во постапка како и за нејзиното донесување.

**Член 2**

Ова Одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Свети Николе„.

**Бр. 0801-1009** **Совет на Општина Свети Николе**
**29.01. 2021 год.** **Претседател,**
**Свети Николе** **Кире Алексов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за определување на имиња на улици во општина Свети Николе бр. 0801- 1010 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 29. 01. 2021 година.

**Бр.0901- 1024/4** **Општина Свети Николе**
**29. 01. 2021 година** **Градоначалник,**
**Свети Николе** **М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа на член 8 од Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/04, 55/07, 145/10, 136/11, 163/13 и 147/15, а во согласнсот со Правилникот за содржината, постапката на водење на електронска евиденција на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти и броеви за нумерирање на објекти и за содржината, постапката и начинот на водење на електронскиот регистар („Службен весник на Република Македонија“ бр. 152/07), како и Листата за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти утврдена од Советот на Општина Свети Николе под бр.0701-291 од 20.03.2012 година и Листа за дополнување на листата за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти утврдена од Советот на Општина Свети Николе под бр.0701-519 од 11.06.2015 година и бр. 0801-554 од 19.08.2019 год. , Советот на Општина Свети Николе на ден 29.01.2021 донесе

**О Д Л У К А**
**за определување на имиња на улици во општина Свети Николе**

член 1

На улиците во населбата Лозов Расадник во градот Свети Николе, кои на мапата од Одделението за урбанизам, заштита на животната средина и оттуѓување на градежно земјиште е означена со буква од македонската азбука, и тоа буквите „Б“ и „В“ им се определуваат имиња како што следи:

| ОЗНАКА ОД МАПА | ИМЕ КОЕ СЕ ОПРЕДЕЛУВА | ПАРНИ БРОЕВИ ОД ---ДО ЗАКЛЧУНО | НЕПАРНИ БРОЕВИ ОД ---ДО ЗАКЛЧУНО |
|---|---|---|---|
| Б | ДИМИТАР ВЛАХОВ | 2-12 | 1-13 |
| В | НАДА ИЦЕВА | 2-10 | 1-9 |

Член 2

Бидејќи со оваа Одлука се определуват имиња на улици кои досега не беа евидентирани во електронскта евиденција на општината, истите од страна на Централниот регистар на РСМ ќе добијат и матични броеви.

Член 3

По стапувањето во сила на оваа Одлука, истата ќе биде доставена до Централниот Регистар на РСМ во рок од 15 дена, заради упис на податоци во електронска евиденција.

Член 4

За имињата кои се определни за улици од член 1 на оваа Одлука, општина Свети Николе ќе ги информира граѓаните преку средствата за јавно информирање и други форми на информирање (огласна табла, Веб страна на општината и сл.)

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Свети Николе“

**Бр. 0801-1010**
**29.01.2021 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Кире Алексов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на – Одлука за утврдување на Нацрт планДетален урбанистички план за дел од УЕ 4, за Блок 14, плански опфат 14.1 и 14.2 од ГУП за град Свети Николе, КО Свети Николе, Општина Свети Николе, за плански период 2020-2025 год бр. 0801- 1011 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 29. 01. 2021 година.

**Бр.0901- 1024/5**
**29. 01. 2021 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа на член 27 став 4 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20) Советот на Општина Свети Николе, на седницата одржана на ден 29.01.2021 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на Нацрт планДетален урбанистички план за дел од УЕ 4, за Блок 14, плански опфат 14.1 и 14.2 од ГУП за град Свети Николе, КО Свети Николе, Општина Свети Николе, за плански период 2020-2025 год.**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува НацртДетален урбанистички план за дел од УЕ 4, за Блок 14, плански опфат 14.1 и 14.2 од ГУП за град Свети Николе, КО Свети Николе, Општина Свети Николе,за плански период 2020-2025 год.

**Член 2**

Поутврдувањетонанацртотнадеталенурбанистичкиплан, градоначалникотнаорганизирајавнаанкета, којатраенајмалку 30 дена, а можедатрае и до 90 дена. Сојавнатаанкетасеспроведува и јавнапрезентацијакојасеодржуванајмалкуеднашвотекотнатраењетонајавнатаанкета.

**Член 3**

Заспроведенатајавнапрезентација и јавнаанкетасеизработуваизвештајсообразложениезаприфатените и неприфатенитезабелешкизаурбанистичкиотплан, одстрананастручнакомисијаформиранаодградоначалникотнаопштината. Извештајот е составенделнапланот, а прифатенитезабелешкиодјавнатаанкетазадолжителносевградуваатвонацртпланот.

**Член 4**

Планскиот опфат е  со површина од 17.09 ха со намена **А - Домување**(А1.1 - Станбени куќи – слободностоечки, А1.2 - Станбени куќи со споен ѕид на меѓа – двокуќи, А2.1 - Згради за домување со споен ѕид**В - Јавни институции** (В 7.4 - Противпожарнистаници), **Г –Рударство, енергетика, индустрија**Г2-Леснапреработувачка и помалкузагадувачкаиндустрија, Г3 - Индустријазасклопувањенафиналнипроизводи, сервисниуслуги и производствонаенергијаодобновливиизвори**Д – Зеленило,рекреација и меморијални простори** (Д1.2 - Јавно урбано зеленило), **Е - Инфраструктура**(Е1.8 - Трансформаторски станици, Е1.1 – Собраќајна инфраструктура-сообраќајници,пешачкиулици, тротоари).

**Член 5**

Составен дел на оваа Одлука за утврдување на  Нацрт Детален урбанистички план за дел од УЕ 4, за Блок 14, плански опфат 14.1 и 14.2 од ГУП за град Свети Николе, КО Свети Николе, Општина Свети Николе, изработен од ДПТУ „Дизајн Центар Инжењеринг“ Трајче ДООЕЛ Кавадарци, со тех бр.3751 од јануари 2021 година. Извештајот за извршената стручна ревизија од НИМАЕР ДООЕЛ Струга  со тех.бр. 03-12/21 од јануари 2021 година, како и одговорот на извештајот за извршена стручна ревизија од изготвувачот на планот со бр.03-16 од 22.01.2021

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Свети Николе,,.

**Бр. 0801-1011**
**29.01.2021  година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Кире Алексов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06),  Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за утврдување на Нацрт УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО за Г3.7 – Фотоволтаични електрани (Фотоволтна централа со моќност до 4MW) на КП бр. 3958/5-дел, КП бр. 3958/7-дел, КП бр. 3972/3-дел, КП бр. 3979/12-дел, КП бр. 4013, КП бр.4014/1, К.О. Свети Николе - вгр, Општина Свети Николе, за плански период 2020-2025 год бр. 0801- 1012 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе  на седницата одржана на ден 29. 01. 2021 година.

**Бр.0901- 1024/6**
**29. 01. 2021 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**М-р. Сашо Велковски  с.р.**

Врз основа на  член 29 став 4 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20) Советот на Општина Свети Николе, на седницата одржана на ден 29.01.2021 година  донесе:

**О Д Л У К А**

**за утврдување на НацртУРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО за Г3.7 – Фотоволтаични електрани (Фотоволтна централа со моќност до 4MW) на КП бр. 3958/5-дел, КП бр. 3958/7-дел, КП бр. 3972/3-дел, КП бр. 3979/12-дел, КП бр. 4013, КП бр.4014/1, К.О. Свети Николе - вгр, Општина Свети Николе, за плански период 2020-2025 год.**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува НацртУРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО за Г3.7 – Фотоволтаични електрани (Фотоволтна централа со моќност до 4MW) на КП бр.

3958/5-дел, КП бр. 3958/7-дел, КП бр. 3972/3-дел, КП бр. 3979/12-дел, КП бр. 4013, КП бр.4014/1, К.О. Свети Николе - вгр, Општина Свети Николе, за плански период 2020-2025 год.

**Член 2**

Поутврдувањетонанацртотнаурбанистичкиотплан вон населено место, градоначалникотнаорганизирајавнаанкета, којатраенајмалку 30 дена, а можедатрае и до 90 дена. Сојавнатаанкетасеспроведува и јавнапрезентацијакојасеодржуванајмалкуеднашвотекотнатраењетонајавнатаанкета.

**Член 3**

Заспроведенатајавнапрезентација и јавнаанкетасеизработуваизвештајсообразложениезаприфатените и неприфатенитезабелешкизаурбанистичкиотплан, одстрананастручнакомисијаформиранаодградоначалникотнаопштината. Извештајот е составенделнапланот, а прифатенитезабелешкиодјавнатаанкетазадолжителносевградуваатвонацртпланот.

**Член 4**

Планскиот опфат е со површина од 5.21 ха и со намена **Г –Производство, индустрија и сервиси**Г3.7-Г3.7 - Фотоволтаичниелектрани (Фотоволтнацентрала)**Д – Зеленило,рекреација и меморијални простори** (Д1.2 - Јавно урбано зеленило), **Е - Инфраструктура**(Е1.8 - Трансформаторски станици и подстаници, Е1.1 – Собраќајна патна инфраструктура).

**Член 5**

Составен дел на оваа Одлука за утврдување на НацртУРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО за Г3.7 – Фотоволтаични електрани (Фотоволтна централа со моќност до 4MW) на КП бр. 3958/5-дел, КП бр. 3958/7-дел, КП бр. 3972/3-дел, КП бр. 3979/12-дел, КП бр. 4013, КП бр.4014/1, К.О. Свети Николе - вгр, Општина Свети Николе, изработен од ДПТУ „Дизајн Центар Инжењеринг" Трајче ДООЕЛ Кавадарци, со тех бр.3663 од јануари 2021 година е и Извештајот за извршената стручна ревизија од НИМАЕР ДООЕЛ Струга со тех.бр.03-13/21 од јануари 2021 година, како и одговорот на извештајот за извршена стручна ревизијаод изготвувачот на планот со бр. 03-17 од 22.12.2021 година.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Свети Николе.

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Кире Алексов с.р.**

**Бр. 0801- 1012**
**29.01.2021 година**
**Свети Николе**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Заклучок за Нацрт-Статут на Општина Свети Николе бр. 0801- 1013 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 29. 01. 2021 година.

**Бр.0901- 1024/7**
**29. 01. 2021 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа на член 7 и член 36 став 1 точка 1 од Законот за Локална Самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 05/02), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 29.01. 2021 година донесе:

**З А К Л У Ч О К**

1.Се прифаќа текстот на Нацрт-Статутот со дополнување на одредба во која ќе се предвиди Програмите кој што се составен дел на Буџетот на општината, во нивната нацрт верзија, претходно да бидат разгледани од Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, а потоа да бидат разгледувани од матичните комисии.

2.Се задолжува Статутарно-правната комисија да подготви текст во кој ќе се вгради прифатеното дополнување и овој текст да оди во втора фаза како Предлог – Статут.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавување во “Службен Гласник” на Општина Свети Николе.

**Бр.0801- 1013** — **Совет на Општина Свети Николе**
**29.01. 2021 год.** — **Претседател,**
**Свети Николе** — **Кире Алексов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Заклучок за усвојување на Измена и дополнување на Годишен план за вработување за 2021 година на ОУ Дом на Култура„ Крсте Мисирков„ Свети Николе бр. 0801- 1014 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 29. 01. 2021 година.

**Бр.0901- 1024/8** — **Општина Свети Николе**
**29. 01. 2021 година** — **Градоначалник,**
**Свети Николе** — **М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/2002), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 29. 01. 2021 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на измена и дополнување на Годишен план за вработување за 2021 година на Дом на култура „Крсте Мисирков„ Свети Николе**

1.Се усвојува измена и дополнување на Годишен план за вработување за 2021 година на Дом на култура „Крсте Мисирков„ Свети Николе.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Свети Николе„.

**Бр.0801 - 1014** — **Претседател,**
**29.01. 2021 година** — **на Совет на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** — **Кире Алексов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за работа на ОУ Дом на култура „Крсте Мисирков„ Свети Николе за 2020 година бр. 0801- 1015 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 29. 01. 2021 година.

**Бр.0901- 1024/9**
**29. 01. 2021 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/2002), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 29.01. 2021 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Извештај за работа на Општинската установа Дом на култура „Крсте Мисирков„ за 2020 година**

1. Советот на Општина Свети Николе го усвои Извештајот за работа на Општинската установа Дом на култура „Крсте Мисирков„ за 2020 година на седницата одржана на ден 29.01. 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Свети Николе„.

**Бр.0801 -1015**
**29.01.2021 година**
**Свети Николе**

**Претседател,**
**на Совет на Општина Свети Николе**
**Кире Алексов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Заклучок за усвојување на Информација за состојбите со јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на ПС од ОН Свети Николе за второ полугодие од 2020 година бр. 0801- 1016 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 29. 01. 2021 година.

**Бр.0901- 1024/10**
**29. 01. 2021 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа на член 36 став1 точка 13 од Законот за Локална Самоуправа, а во врска со член 25 став 1 од Законот за Полиција Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 29.01. 2021 година донесе

**З А К Л У Ч О К**

1.Советот на Општина Свети Николе ја прифаќа Информацијата за безбедносната состојба на подрачјето на ПС од ОН Свети Николе за второ полугодие од 2020 година.

2.Поднесената Информација се прифаќа во целост без давање на посебни препораки на раководното лице за постапување во областа на јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавување во "Службен Гласник" на Општина Свети Николе.

**Бр.0801- 1016** **Совет на Општина Свети Николе**
**29.01. 2021 год.** **Претседател,**
**Свети Николе** **Кире Алексов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за ослободување од плаќање на комунална такса за јавно осветлување бр. 0801- 1017 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 29. 01. 2021 година.

**Бр.0901- 1024/11** **Општина Свети Николе**
**29. 01. 2021 година** **Градоначалник,**
**Свети Николе** **М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02),како и член 6 став 2 И3 од Законот за комунална такса („Службен весник на РМ„ бр. 61/04, 64/05, 92/07, 123/12, 154/15, 192/15 и 23/16), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 29.01. 2021 година донесе

**О Д Л У К А**
**за ослободување од плаќање на комунална такса за јавно осветлување**

**Член 1**

Се ослободува од плаќање на комунална такса за јавно осветлување лицето Ангел Калофов од Свети Николе со место на живеење на ул. „4 Јули„ бр. 2/1 за броило на објект на КП бр.2356/1, 2356/2, 2360 м.в. „Суво Поле„ Свети Николе вон град, евидентиран на имотен лист бр. 2700.

**Член 2**

Оваа одлука стапува на сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Свети Николе„.

**Бр.0801-1017** **Совет на Општина Свети Николе**
**29.01. 2021 година** **Претседател,**
**Свети Николе** **Кире Алексов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за донесување на Урбанистички план за село Горобинци, КО Горобинци, Општина Свети Николе бр. 0801- 1018 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 29. 01. 2021 година.

**Бр.0901- 1024/12**
**29. 01. 2021 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа член 22, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и член 39, став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/2016, 64/18 и 168/18), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 29.01.2021 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за донесување на Урбанистички план за село Горобинци, КО Горобинци, Општина Свети Николе**

**Член 1**

Со оваа Одлука СЕ ДОНЕСУВАУрбанистички план за село Горобинци, КО Горобинци, Општина Свети Николе, за плански период 2016-2026 година, Општина Свети Николе, со технички број 3117 од ноември 2020 година,изработен од ДИЗАЈН ЦЕНТАР ИНЖЕЊЕРИНГ Трајче ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци.

**Член 2**

Границатанапланскиотопфат едаденавографичкиотприлог и претставена описно
-НасевергранicатазапочнувасопресекнастарпатСкопје-Св.НиколесолокаленпатзаЃуришкиманастир и продолжувапосевернатастрананастариотпатСкопје – СветиНиколе
-Наисточнатастранаграницатаседвижијужноодлокаленпатенправец, потоапродолжувадаседвижиисточнонизкатастерскипарцелисеверноод КП бр. 5534/1, КП бр. 5149 и КП бр. 5150. Оттукапродолжуваисточноодлокаленпатенправец и седвижинизпарцелите КП бр.5170, КП бр. 5169, КП бр. 5176, КП бр. 5177, КП бр.5178, КП бр. 4601/1, источнатаграницана КП бр. 5185, низ КП бр.5189, КП бр. 2496, КП бр. 2495, поисточнатаграницана КП бр. 5187се до КП бр. 2567/1.
- Најужнатастранаграницатаседвижипојужнатастранана КП бр.2567/1, КП бр. 5715, госечепатотза с. Кнежје, продолжувапојужнитеграницина КП бр. 5566, КП бр. 5567, КП бр. 5571, КП бр. 2637, КПбр.2635, КП бр. 2634, КП бр. 2621, КП бр. 5576, КП бр. 5578, КП бр.5630 и минуваполокалниотпатза с. Кнежје. Оттукаседвижијужноодпарцелите КП бр. 2898, КП бр. 5617/1, КП бр. 5624/1, КП бр. 5625/1, КПбр. 2903, источноодпарцелите КП бр. 5633/1, КП бр. 5634/1, КП бр.5635/1, КП бр. 5641, минуваниз КП бр. 5705, КП бр. 5710, КП бр. 5636,КП бр. 5707, КП бр. 5708, КП бр. 5709, КП бр. 5684, источноод КП бр.5695/1, КП бр. 5695/2, КП бр. 5695/3, јужноод КП бр. 5695/3, КП бр.5697, КП бр. 5686, КП бр. 5698, КП бр. 5702, КП 2949/2, КП бр. 2949/1,КП бр. 3632 и сечелокаленпаткојводиконатар.
-Назападграницатаседвижипозападнитеграницинакатастарскипарцели КП бр. 2951, КП бр. 2952, КП бр. 2953, минуваниз КП бр.5692, КП бр. 5680/1, КП бр. 5679/1, КП бр. 5669, западнитеграницинаКП бр. 2961, КП бр. 2965, КП бр. 2970, КП бр. 2972, КП бр. 2975, КП бр.5651/1, КП бр. 5646/1, КП бр. 5647, сечелокаленпат и продолжувадаседвижиконсеверисточноод КП бр. 5329 и КП бр. 5314, западноодКП бр. 2215 и КП бр. 5298, седвижипокрајлокаленпатседо КП бр.5266.
Планскиот опфат е со површина од **47.1 ха.**

**Член 3**

Соурбанистичкиот план се утврдени следните класи на намени:

**А – Домување**

А1 – семејнодомувањевостанбеникуќи

**Б – Комерцијални иделовно намени**

Б1 – мали комерцијални и деловни намени

**В – Јавни институции**

В1 – образование и наука

В2 – здравство и социјална заштита

В3 – култура

В5 – верски институции

**Г – Производство, дистрибуција и сервиси**

Г2 – лесна индустрија

**Д – Зеленило, спорт, рекреација и меморијалнипростори**

Д1 – парковскозеленило

Д2 – заштитнозеленило

Д3 – спорт и рекреација

Д4- меморијални простори

**Е – Инфраструктура**

Е2 – комуналнасупраструктура-(ТС-трафостаници до 20кв)

Е3 – некомпатибилнаинфраструктура-(ТС-трафостаници над 20кв)

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука се:

- Текстуален и графички дел од планот УПС Горобинци, КО Горобинци, Општина Свети Николе, со технички број 3117 од ноември 2020 година, изработен од ДИЗАЈН ЦЕНТАР ИНЖЕЊЕРИНГ Трајче ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци
- СОГЛАСНОСТ од Министерството за транспорт и врски бр.24-214/1 од 11.01.2021год.
- Извештај од јавна презентација и јавна анкета бр.1002-119/22 од 23.01.2020 год.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Свети Николе.

**Бр. 0801-1018**
**29.01.2021**
**Свети Николе**

**Совет на општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Кире Алкесов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај за собран и депониран комунален отпад во Свети Николе од ЈКП „Комуналец„ Свети Николе бр. 0801- 1019 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 29. 01. 2021 година.

**Бр.0901- 1024/13**
**29. 01. 2021 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/2002), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 29. 01. 2021 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Годишен извештај за собир и депониран комунален отпад во Свети Николе од ЈКП „Комуналец„ Свети Николе**

1. Советот на Општина Свети Николе усвои Годишен извештај за собир и депониран комунален отпад во Свети Николе од ЈКП „Комуналец„ Свети Николе.

`2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Свети Николе„

**Бр.0801 - 1019** **Претседател,**
**29.01. 2021 година** **на Совет на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** **Кире Алексов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Заклучок за усвојување на Годишна Програма за работа на ЈКП „Комуналец„ Свети Николе за 2021 година бр. 0801- 1020 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 29. 01. 2021 година.

**Бр.0901- 1024/14** **Општина Свети Николе**
**29. 01. 2021 година** **Градоначалник,**
**Свети Николе** **М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/2002), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 29.01. 2021 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Годишна Програма за работа на ЈКП „Комуналец„ - Свети Николе за 2021 година**

1. Советот на Општина Свети Николе усвои Гоодишна Програма за работа на ЈКП „Комуналец„ - Свети Николе за 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Свети Николе„.

**Бр.0801 - 1020** **Претседател,**
**29.01. 2021 година** **на Совет на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** **Кире Алексов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за давање согласност на одлуката на УО за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП Комуналец Свети Николе за регулиран период 2021-2023 бр. 0801- 1021 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 29. 01. 2021 година.

**Бр.0901- 1024/15** **Општина Свети Николе**
**29. 01. 2021 година** **Градоначалник,**
**Свети Николе** **М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02), и член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија (,,Службен весник на РМ,, бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19), а во врска со чл.13 ст.12 од Законот за утврдување на цени на водните услуги (Службен весник на Р.М бр.7/2016),Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 29.01. 2021 година донесе

**О Д Л У К А**

за давање согласност на одлуката на УО **за** утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП Комуналец Свети Николе за регулиран период 2021-2023

**Член 1**

Советот на Општина Свети Николе дава согласност на одлуката **за** утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП Комуналец Свети Николе за регулиран период 2021-2023 донесена од Управниот Одбор на ЈКП Комуналец Свети Николе бр.0202-38/3 од 26.01.2021 на седницата одржана на ден 26.01.2021 год

**Член 2**

Оваа одлука стапува на сила со денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Свети Николе,,.

**Бр.0801- 1021** **Претседател,**

**29.01.2021 година** **на Совет на Општина Свети Николе**

**Свети Николе** **Кире Алексов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за давање согласност на одлуката на УО **за** утврдување на тарифа за прочистување на отпадни води на ЈКП Комуналец Свети Николе за регулиран период 2021-2023 бр. 0801- 1022 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 29. 01. 2021 година.

**Бр.0901- 1024/16** **Општина Свети Николе**
**29. 01. 2021 година** **Градоначалник,**
**Свети Николе** **М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа ,,Сл.Весник на РМ,, бр.5/02), и член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија (,,Службен весник на РМ,, бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19), а во врска со чл.13 ст.12 од Законот за утврдување на цени на водните услуги (,,Службен весник на Р.М,, бр.7/2016),Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 29.01.2021 година донесе

**О Д Л У К А**

**за давање согласност на одлуката на УО за утврдување на тарифа за прочистување на отпадни води на ЈКП ,, Комуналец,, Свети Николе за регулиран период 2021-2023**

**Член 1**

Советот на Општина Свети Николе дава согласност на одлуката **за** утврдување на тарифа за прочистување на отпадни води на ЈКП ,,Комуналец,, Свети Николе за регулиран период 2021-2023 донесена од Управниот Одбор на ЈКП ,,Комуналец,, Свети Николе бр.0202-38/5 од 26.01.2021 на седницата одржана на ден 26.01.2021 год

**Член 2**

Оваа одлука стапува на сила со денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Свети Николе,,.

**Бр.0801- 1022** **Претседател,**

**29.01.2021 година** **на Совет на Општина Свети Николе**

**Свети Николе** **Кире Алексов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за давање согласност на одлуката на УО за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП Комуналец Свети Николе за регулиран период 2021-2023 бр. 0801- 1023 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 29. 01. 2021 година.

**Бр.0901- 1024/17** **Општина Свети Николе**
**29. 01. 2021 година** **Градоначалник,**
**Свети Николе** **М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02), и член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија (,,Службен весник на РМ,, бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19), а во врска со чл.13 ст.12 од Законот за утврдување на цени на водните услуги (Службен весник на Р.М бр.7/2016),Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 29.01.2021 година донесе

**О Д Л У К А**

за давање согласност на одлуката на УО **за** утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП ,,Комуналец,, Свети Николе за регулиран период 2021-2023

**Член 1**

Советот на Општина Свети Николе дава согласност на одлуката **за** утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП ,,Комуналец,, Свети Николе за регулиран период 2021-2023 донесена од Управниот Одбор на ЈКП ,,Комуналец,, Свети Николе бр.0202-38/4 од 26.01.2021 на седницата одржана на ден 26.01.2021 год

**Член 2**

Оваа одлука стапува на сила со денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Свети Николе,,.

**Бр.0801- 1023** **Претседател,**

**29.01.2021 година** **на Совет на Општина Свети Николе**

**Свети Николе** **Кире Алексов с.р.**

**С О Д Р Ж И Н А**

1.Решение за разрешување и именување на членови од Управен Одбор во

J.О.У.Д.Г. ,,Рахилка Гонева,, Свети Николе

2.Одлука за долгорочно домашно задолжување на Општина Свети Николе во рамки на Вториот проект за подобрување на општинските услуги (MSIP2

3.Одлука за дополнување на Програмата за поставување урбана опрема на јавни површини во општина Свети Николе

4.Одлука за определување на имиња на улици во општина Свети Николе

5.Одлука за утврдување на Нацрт планДетален урбанистички план за дел од УЕ 4, за Блок 14, плански опфат 14.1 и 14.2 од ГУП за град Свети Николе, КО Свети Николе, Општина Свети Николе, за плански период 2020-2025 год.

6.Одлука за утврдување на НацртУРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО за Г3.7 – Фотоволтаични електрани (Фотоволтна централа со моќност до 4MW) на КП бр. 3958/5-дел, КП бр. 3958/7-дел, КП бр. 3972/3-дел, КП бр. 3979/12-дел, КП бр. 4013, КП бр. 4014/1, К.О. Свети Николе - вгр, Општина Свети Николе, за плански период 2020-2025 год.

7.Нацрт - Статут на Општина Свети Николе;

8.Измена и дополнување на Годишен план за вработување за 2021 година на ОУ Дом на Култура,, Крсте Мисирков,, Свети Николе

9.Извештај за работа на ОУ Дом на култура ,,Крсте Мисирков,, Свети Николе за 2020 година

10.Информација за состојбите со јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на ПС од ОН Свети Николе за второ полугодие од 2020 година

11.Барање за ослободување од такса на улично осветлување од лицето А.К.

12.Одлука за донесување на Урбанистички план за село Горобинци,

КО Горобинци, Општина Свети Николе

13.Годишен извештај за собран и депониран комунален отпад во
Свети Николе од ЈКП ,,Комуналец,, Свети Николе

14.Годишна Програма за работа на ЈКП ,,Комуналец,, Свети Николе за 2021 година

15.Одлука за давање согласност на одлуката на УО за утврдување на тарифа за

снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП Комуналец

Свети Николе за регулиран период 2021-2023

16. Одлука за давање согласност на одлуката на УО **за** утврдување на тарифа за прочистување
на отпадни води на ЈКП Комуналец Свети Николе за регулиран период 2021-2023

17.Одлука за давање согласност на одлуката на УО за утврдување на тарифа

за собирање и одведување на урбани отпадни води на ,,ЈКП Комуналец,,

Свети Николе за регулиран период 2021-2023

**Бр. 0801- 1025**
**29.01. 2021 година**
**Свети Николе**

.